Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Април

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот претходно подготвува слики од циркус и ги става во торбичка.<br>  <br>Учениците ги излекуваат сликите една по една од торбичката, именуваат што има на сликата и ја поставуаат на определено место.<br>Што ни претставуваат сликите?<br>Дали сте биле во посета на циркус?<br>Што најмногу ви се допадна?<br>Се запознаваат со целта. (5 минути)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците ги следат објаснувањата на наставникот за ликовните елементи кои треба да ги користат при сликањето.<br>Бојата ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат. Таа е ликовен елемент преку кој ги изразуваме своите уметнички идеи и емоции. | слики<br>торбичка<br>средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, темперни бои, палета). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |


resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Просторот се претставува на сликата. Како простор се именува сето она низ кое се движиме ние, животните, авионите...<br>Хармонија на боја значи користење слични бои.<br>Учениците сликаат на мотив „Циркус/Забава“ со молив, темпера /гваш, користејќи боја, простор, големина и форма. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат сликите, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на бојата, просторот, големината и формата. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | | |


resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за цртање: (туш, перце, дрвце, четка, монохромно, сенчење) | Комбинира цртачки материјали и техники и создава ликовна целина. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот преку техниката **Бура на идеи** „Цртачки техники и материјали“ ги активира предзнаењата на учениците.<br>Кои цртачки материјали сте ги користеле досега? (молив, туш, тушеви во боја, фломастери, моливи во боја, мрсни боици...)<br>Кои цртачки техники ги знаете? (цртање со молив, туш со перо, туш со дрвце, со тушеви во боја, со фломастери, со моливи во боја, со мрсни боици, со компјутер, сенчење...) Наставникот ги запишува зборовите на учениците и преку отворена дискусија учениците кажуваат за омилената цртачка техника. Се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се поделени во мали групи. Секоја група се договара за комбинацијата од цртачки техники и материјали кои ќе ги користат во создавањето на целина. Како ликовни елементи ќе користат разни видови линии и контурна линија. Групите презентираат каква комбинација на цртачки техники и материјали ќе користат.<br>(Можни одговори:<br>1. Цртање на контурните линии со тушеви во боја, а внатрешноста со дрвени боици.<br>2. Цртање на контурните линии со фломастери, а внатрешноста и другите делови со дрвени боици.<br>3. Цртање со алатките на Пеинт (Paint): молив, боја, кантичка со боја, разни 2Д-форми.<br>4. Цртање со молив и сенчење на предметите.)<br>Учениците цртаат на мотив „Во парк“ со молив, дрвени боици, тушеви во боја, фломастери и компјутер користејќи линија и создаваат целина. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат цртежите, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на комбинирањето на цртачките техники и | Блок број 3, молив НБ 5, моливи во боја, тушеви во боја, фломастери, таблет или компјутер. | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | материјали, примената на линијата и контурната линија како ликовни елементи и како е создадена целината. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење: (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање) | Создава облици и градби од материјал што претходно бил употребен за други намени. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците на клупа ја изложува картонската амбалажа која ја има донесено. Преку техниката **Бура на идеи** се добива одговор на прашањето што сè можат да изработат од таа амбалажа и истото да го искористат во игра. Учениците ги искажуваат сите свои идеи. Наставникот им најавува дека ќе изработуваат робот.<br>Учениците следат фотографии од роботи изработени од картонска амбалажа:<br>  <br>Учениците ги следат насоките за тоа како да се употреби картонската амбалажа, за начинот на спојување, лепење и изработка на деловите на роботот. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците со употреба на картонска амбалажа со различна форма и големина креираат робот со помош на спојување и лепење применувајќи форма по сопствена фантазија. Тие создаваат целина од повеќе форми со различна големина. Наставникот дава насока правилно да ја распоредат картонската амбалажа (кутии од лекови, сируп, парфем, чевли...) за да креираат робот. Учениците добиваат насоки да користат кутии со соодветна форма и големина за да се претстави секој дел од телото на роботот.<br>Постапка за изработка на робот:<br>1. Правилен распоред на амбалажата за секој дел од телото.<br>2. Спојување на сите делови со помош на лепило.<br>3. Боење на роботот со темперни боици по избор. | Картонска амбалажа (кутии од лекови, сируп, парфем, чевли), темперна боица, четки, копчиња, лепило, стапчиња и друг материјал за реупотреба. | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4. Изработка на деловите од главата (очи, нос, уста) со помош на копчиња, стапчиња, самолеплива хартија во боја. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат изработените роботи од картонска амбалажа, ги разгледуваат и анализираат готовите изработки во однос на примената на различните техники и постапки при создавањето облици и градби. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |


resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Април

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | Користи компјутер во цртањето. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се потсетуваат на алатките кои ги користиме во програмата за цртање Paint. (Насловна лента, лента со менија, лента со алатки, лента со бои, работна површина). Програмата нуди избор на алатки со помош на кои ја содаваме нашата креација: (молив, четка, гума, палета со бои, форми...). Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците следат видео за начинот на користење на програмата Paint и како да нацртаме цртан филм:<br>https://www.youtube.com/watch?v=YEqrHEuRDtQ&list=PL7R1dBuZ3Kih9G4LsLLNyTa2pPMhy21_-&index=8 - **Нацртај цртан филм во Paint.**<br>Кој е вашиот омилен цртан филм?. Преку бура на идеи учениците се искажуваат за омилениот цртан филм, ги набројуваат и опишуваат ликовите.<br>Учениците цртаат на компјутер на мотив„ Омилен лик од цртан филм“, користејќи контурна линија и создаваат ликовна целина. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Печатење на готовите цртежи, изложување и анализа на истите во однос на примената на линијата и контурната линија како ликовни елементи и како е создадена целината. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | аудио-визуелни средства (ЛЦД проектор, компјутер, печатач). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk